Врз основа на член 469 став (7) од Законот за трговски друштва (“Службен весник на РМ”, број 28 /04, 84/05, 25/07 и 87/08) , министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА**

**(Сл.весник бр. 9/09)**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот и условите за поднесување на годишната сметка во електронска форма, за субјектите кои сметководството го водат согласно Законот за трговските друштва и усвоените меѓународни сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување.

**Член 2**

Субјектите од член 1 на овој правилник, поднесувањето на годишната сметка во електронска форма можат да го извршат:

-непосредно во канцелариите на Централниот регистар на Република Македонија со доставување на табеларна датотека – excel формат во електронска и пишана форма и

-преку интернет страницата на Централниот регистар на Република Македонија, со директно пополнување на обрасците на билансните шеми или со испраќање на годишната сметка во електронска форма.

**Член 3**

Субјектите кои поднесувањето на годишната сметка ќе го вршат преку интернет страницата на Централниот регистар на Република Македонија треба да:

-користат корисничко име и лозинка за пристап, издадени од Централниот регистар на Република Македонија;

-имаат валидна адреса за примање и праќање на електронска пошта (e-mail) и

-имаат електронски сертификат за дигитално потпишување.

**Член 4**

При поднесување на годишната сметка преку интернет страницата на Централниот регистар на Република Македонија, надоместокот за поднесувањето на годишната сметка се плаќа со користење на електронска платежна картичка, преку интернет страницата на Централниот регистар на Република Македонија.

**Член 5**

Поднесување на годишната сметка преку интернет страницата на Централниот регистар на Република Македонија се овозможува доколку податоците се сметковно и логички проверени и точни.

**Член 6**

Статусот на обработка на годишната сметка е достапен за подносителот на годишната сметка преку интернет страницата на Централниот регистар на Република Македонија.

За конечното одобрување на годишната сметка што го врши Централниот регистар на Република Македонија, подносителот добива известување по електронска пошта.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Број 12-523/1
31 декември 2008 година
Скопје

**МИНИСТЕР**
д-р Трајко Славески с.р